Уп. бр. 08-94

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од НЛБ Склади – Зелени преход I A, наменска дружба за наложбе, д.о.о.**,** со седиште на Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија , преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден ...06.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која НЛБ Склади – Зелени преход I A, наменска дружба за наложбе, д.о.о.**,** со седиште на Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над друштвото РЕСАЛТА ГРАДСКО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЕНЕРГЕТСКА ОБНОВА НА ЗГРАДИ Д.О.О. БЕЛГРАД со седиште во Белград, Браќа Барух 24, Република Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 04.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од НЛБ Склади – Зелени преход I A, наменска дружба за наложбе, д.о.о.**,** со седиште на Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија со која НЛБ Склади – Зелени преход I A, наменска дружба за наложбе, д.о.о.**,** ќе стекне контрола над РЕСАЛТА ГРАДСКО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЕНЕРГЕТСКА ОБНОВА НА ЗГРАДИ Д.О.О. БЕЛГРАД со седиште во Белград, Браќа Барух 24, Република Србија, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз

основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**НЛБ Склади – Зелени преход I А, наменска дружба за naložбе, д.о.о.,** е дел од НЛБ Групата.

НЛБ Групата е водечка банкарска и финансиска групација. Покрај НЛБ, како главен субјект во Словенија и јавно друштво, НЛБ Групата се состои од шест банки-ќерки и неколку компании за други финансиски и помошни услуги (управување со средства, лизинг, управување со недвижен имот итн.).

НЛБ Групата користи универзален модел на банкарство и ги поддржува своите клиенти преку услуги за физички лица, корпоративно и инвестициско банкарство.

НЛБ Групата во Северна Македонија моментално има 3 поврзани друштва:

- НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување,
- Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со приоритетна дејност финансиски лизинг, и
- Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ Фондови АД Скопје со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14А-1/2 Скопје со приоритетна дејност: дејности на управување со фондови.

**Регистрирана дејност на РЕСАЛТА ГРАДСКО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЕНЕРГЕТСКА ОБНОВА НА ЗГРАДИ Д.О.О. БЕЛГРАД** е инженерски активности и техничко советување.

РЕСАЛТА ГРАДСКО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЕНЕРГЕТСКА ОБНОВА НА ЗГРАДИ Д.О.О. БЕЛГРАД нема поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија ниту има остварено промет во 2024 година на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**